( Образец ПП……)

До Дирекција за безбедност на класифицирани информации
(имател на информацијата)

## БАРАЊЕ
## за пристап до информации од јавен карактер

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија бр. 101/2019), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

- Вкупен број на информации кои се означени со некој од степените за класификација на информацијата во 2021.
- Број на информации кои се означени со степенот "државна тајна" во 2021.
- Број на информации кои се означени со степенот "строго доверливо" во 2021.
- Број на информации кои се означени со степенот "доверливо" во 2021.
- Број на информации кои се означени со степенот "интерно" во 2021.
- Број на информации кои се означени со степенот "за ограничена употреба" во 2021.
- Вкупен број на информации чиј рок е продолжен поради доверливост на податокот, во 2021.

(опис на информацијата која се бара)

Форма во која се бара информацијата:
а) увид
б) препис
в) фотокопија
г) **електронски запис**
д) друго----------------------------------------------------------------------
(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
а) по пошта
б) телефон
в) факс
г) **е-маи** Замолуваме на истата адреса да ни биде доставена и потврда за прием на барањето.
д) друго----------------------------------------------------------------------
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Барател на информацијата: Назив:

(назив, адреса, тел, фах, е-маил)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.)

Во Скопје, Северна Македонија Датум 28.12.2021 година

9/2

Република Северна Македонија
ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА
КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ
Бр. 08 - 28/1
11. 01 2022 год.
Скопје

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), постапувајќи по барањето за пристап до информација од јавен карактер од [redacted] поднесено од претставникот на [redacted] имателот на информацијата <u>Дирекција за безбедност на класифицирани информации</u>, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Барањето од [redacted] по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер за: вкупен број на информации кои се означени со некој од степените за класификација на информацијата во 2021 година, за број на информации кои се означени со степенот "државна тајна" во 2021 година, за број на информации кои се означени со степенот "строго доверливо" во 2021 година, за број на информации кои се означени со степенот "доверливо" во 2021 година, за број на информации кои се означени со степенот "интерно" во 2021 година, за број на информации кои се означени со степенот "за ограничена употреба" во 2021 година, за вкупен број на информации чиј рок е продолжен поради доверливост на податокот во 2021 година, евидентирано во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации под дел. бр. 08-1118/1 од 30.12. 2021 година

## СЕ УВАЖУВА

## *О б р а з л о ж е н и е*

Барателот, [redacted] со генералии како во диспозитивот на решението, преку својот претставник [redacted] поднесе по емаил барање до Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации за пристап до информации од јавен карактер коешто

е евидентирано во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации под дел. бр. 08-1118/1 од 30.12. 2021 година.

Постапувајќи по барањето, Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации детално го разгледа барањето и позитивно одговори согласно член 20 став 1 и член 21 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) со што му се овозможува пристап до бараните информации.

Во врска со бараните информации, Ве известуваме дека согласно член 3 став 1 алинеја 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) *„иматели на информации"* се органите на државната власт и други органи и организации утврдени со закон, органите на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, установите и јавните служби, јавните претпријатија, правни и физички лица што вршат јавни овластувања, утврдени со закон и дејности од јавен интереси политичките партии во делот на приходите и расходите. Исто така, согласно член 3 став 1 алинеја 2, од истиот закон, *„информација од јавен карактер"* е информација во која било форма **што ја создал или со која располага** имателот на информацијата согласно со неговите надлежности".

Во конкретниот случај, Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации сè уште не создала информација од јавен карактер што ги содржи бараните податоци наведени во барањето. Впрочем, согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барателот може да бара пристап до информација од јавен карактер, која имателот ја ***создал*** и со која располага, т.е., информација која веќе ***постои***.

Имено, согласно член 69 став 3 од Законот за класифицирани информации(*) („Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19), Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации подготвува Годишен извештај за своето работење коjшто меѓудругото содржи и информации за бројот на класифицирани информации по степени на класификација. По усвојувањето од страна на Владата на Република Северна Македонија, Дирекцијата го објавува Годишниот извештај на својата веб страна www.dbki.gov.mk во согласност со начелото на Дирекцијата за транспарентност и отчетност за своето работење како и во согласност со обврските што произлегуваат од членот 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019).

Со оглед дека Годишниот извештај на Дирекцијата за 2021 година, како информација од јавен карактер коjшто ќе ги содржи и бараните информации од јавен карактер за 2021 година, е во тек на подготовка и ќе биде објавен во првиот квартал на 2022 година, Дирекцијата посочува редовно да се следи веб страната на Дирекцијата во горенаведената временска рамка за да се преземат информациите

наведени во барањето за пристап до информации од јавен карактер. Воедно, Дирекцијата исто така посочува дека бројот на класифицирани информации по степени на класификација за годините пред 2021 година може да се најдат во годишните извештаи на Дирекцијата на следниот линк: www.dbki.gov.mk во рубриката *Пристап до информации од јавен карактер*, во поднасловот *Годишни планови и извештаи на ДБКИ.*

Согласно барањето на барателот евидентирано во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации под дел. бр. 08-1118/1 од 30.12.2021 година, а во врска со формата и начинот на доставување на информациите, му се доставува на барателот - [redacted] одговорот - решение во електронски запис на подносителот на барањето [redacted] претставникот на [redacted] и на емаил: [redacted]

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на истото до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер .

Решено во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации на 05.01.2022 година, под архивски бр. 08-28/1 од 11.01.2022 г.

Директор

Стојан Славески

Подготвил: Службено лице Даниел Тренчов

Доставено до:

- Барателот [redacted]
- Архива на ДБКИ